РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-643/1
08.06 2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ул.Јаким Стојковски бр 1**
**Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47**
**www.probistip.gov.mk**
е-пошта: info@probistip.gov.mk

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2021

за унапредување на административни службеници
во општина Пробиштип

Општина Пробиштип објавува Интерен оглас за унапредување на 3 (три) административни службеници за следните работни места:

1. **УПР0101В01000 Советник – За просторно и урбанистичко планирање, Одделение за урбанизам, 1 (еден) извршител;**

- Посебни услови за работното место
  - ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Градежништво или архитектура;
  - работно искуство и тоа: најмалку 3 години работно искуство на струката
- **Посебни работни компетенции:**
  - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
  - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- **Распоред на работното време:**
  - Неделно работно време 40 работни часа, од понеделник до петок, 8 (осум) работни часа дневно, работно време од 07.30 часот до 15.30 часот;
  - Платата за работно место е во паричен нето износ од 26.257,00 денари;

2. **УПР0101В01000 Советник – Овластен инспектор за животна средина, Одделение за инспекциски работи, 1 (еден) извршител;**

- Посебни услови за работното место
  - ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Животна средина или хемиска технологија;
  - работно искуство и тоа: најмалку 3 години работно искуство на струката

- **Посебни работни компетенции:**
  - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
  - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- **Распоред на работното време:**
  - Неделно работно време 40 работни часа, од понеделник до петок, 8 (осум) работни часа дневно, работно време од 07.30 часот до 15.30 часот;
  - Платата за работно место е во паричен нето износ од 26.257,00 денари;

3. **УПР0101Г01000 Самостоен референт – Технички секретар на Градоначалникот,Одделение за поддршка на Градоначалникот 1 (еден) извршител;**

- **Посебни услови за работното место**
  - Ниво на квалификациите V А според, или ниво на кфалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование: ССС – гимназиска, економска или хемиска струка
  - Најмалку три (3) година работно искуство во струката
- **Посебни работни компетенции:**
  - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
  - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- **Распоред на работното време:**
  - Неделно работно време 40 работни часа, од понеделник до петок, 8 (осум) работни часа дневно, работно време од 07.30 часот до 15.30 часот;
  - Платата за работно место е во паричен нето износ од 16.495,00 денари;

Сите кандидати кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните :

- **Општи услови:**
  - да е државјанин на Република Северна Македонија;
  - активно да го користи македонскиот јазик;
  - да е полнолетен/а;
  - да има општа здравстена способност за работното место и
  - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Пробиштип, кој ги исполнува општите и посебните услови за

пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници, Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип со архивски број 08-1157/1 од 19.10.2015 година, Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип со архивски број 01-125/1 од 09.02.2017 година, 04-123/1 од 20.07.2018 година, 08-798/1 од 23.08.2018 година и 08-798/4 од 20.11.2018 година, 04-400/1 од 31.03.2021 година и 04-603/1 од 28.05.2021 година

При ова административниот службеник треба да ги исполнува следните услови:

- да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување на кое бил оценуван;
- да е на работното место на непоредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас;

Заинтерисираниот административен службеник, поднесува пополнета Пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку Архивата на општина Пробиштип до Градоначалникот на општина Пробиштип и до службената електронска адреса на Општина Пробиштип: info@probistip.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови,можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае пет (5) дена од денот на објавување на ВЕБ страната на општина Пробиштип.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот/ката кој/а ќе достави лажни податоци во пријавата или се утврди дека доставил/а лажни податоци, ќе биде дискалификуван од натамошната постапка по овој Оглас.

Општина Пробиштип
Градоначалник
Драган Анастасов